*Број 03-12/3*
*17.01.2023 година*
*Скопје*

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ПРИВАТНА ВИСОКОБРАЗОВНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ - СКОПЈЕ

# С Т А Т У Т

**-пречистен текст-**

**Скопје, јануари 2023 година**

# СОДРЖИНА

**I ОПШТИ ОДРЕДБИ ......................................................................................4**
*Предмет на уредување* 4
*Статус на Универзитетот* 4
*Назив и седиште* 5
*Својство на правно лице* 5
*Основна дејност на Универзитетот* 5
**Печат, симболи и други обележја** 6
**II. НАЧИН НА ФИНАСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ..........................................10**
*Извори на финансирање* 10
*Доделување стипендии* 10
*Располагање со приходите* 10
*Имот на единица што престанала со работа* 10
**III. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ..............................................................11**
*Содржина и заштита на автономијата* 11
*Неприкосновеност на автономијата* 11
*Забрана за верско организирање и дејствување* 12
*Спречување и заштита од дискриминација* 12
**Дејства во случај на повреда на автономијата** 12
*Неповредливост на универзитетскиот простор* 12
*Мирно решавање на споровите* 13
*ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И ГРАЃАНИТЕ* 13
Отчетност и одговорност 14
Класифицирана информација 14
**IV. ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ....................................15**
*Дејност на Универзитетот* 15
*Дејност на единиците* 15
**V. СТРУКТУРА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ .....................................................................17**
*Единици на Универзитетот* 17
*Внатрешна организација на единиците на Универзитетот* 17
*Овластувања на универзитетските единици* 17
*Овластувања на внатрешните организациони единици* 18
*Придружни членки* 18
*Почесни членки на Универзитетот* 18
*Статусни промени* 19
*Престанок на единица* 19
**Стручна и административна служба**. 20
**VI ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ...........................................................21**
*Органи и тела на Универзитетот* 21
*Универзитетски сенат* 21
*Ректор* 23
*Проректори* 24
*Ректорска управа* 25
Орган на основачот 26
*Овластено лице за прием на пријави по корупција* 27
**Други тела на универзитетот** 27
**VII ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ..28**
*Наставно-научен совет, односно научен совет* 28
*Декан, односно директор и негова надлежност* 29
*Деканатска управа* 30
*Внатрешна организација на единиците* 31
*Одбор за соработка и доверба со јавноста (Советодавен борд)* 31
**VIII. СТУДЕНТИ ...................................................................................................32**
*Статус на студент* 32
Финансирање на студентите 32

***Права и обврски на студентот*** 32
***Престанок на статусот на студент*** 33
***Дисциплинска одговорност на студентите*** 33
***Студентски правобранител*** 35
Поранешни студенти (алумни) 36
**IX. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ – ВИДОВИ И РЕЖИМ НА СТУДИИ........37**
Видови студии 37
Студиски програми 37
Достапност на високото образование на Универзитетот 39
Јазик на наставата 39
Права на странските државјани 39
Програми за стручно и професионално усовршување 39
Посебни можности за студирање 40
Доживотно учење 40
Далечинско учење 40
Пренос на кредити 41
***Услови и начин на запишување на студии*** 41
***Почеток и завршување на студиска година*** 41
***Паралелно студирање*** 41
***Премин од едни на други студии*** 41
***Проверка на знаењето*** 42
Евиденција 42
Издавање и одземање на уверение, диплома и додаток на диплома 42
***Промоција за завршени студии*** 43
**X. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА..........................................................................................44**
***Видови звања*** 44
Демонстратори 44
***Засновање на работен однос*** 45
***Право на вршење дејност на друга високообразовна институција*** 45
***Визитинг-професори*** 45
***Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници*** 45
***Насловни звања*** 45
***Почесен професор и почесен доктор на науки*** 46
***Професор емеритус*** 46
***Платено и неплатено отсуство (сабатна година)*** 46
***Престанок на работен однос*** 47
**XI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..........................................................................48**
**XII. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ..................................................................................48**
**XIII. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ...................................................48**
***Самоевалуација*** 48
ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛА 49
**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** 49

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018) Сенатот на Приватната високобразовна установа Универзитет СКОПЈЕ - Скопје на седницата одржана на ден 17.01.2023 година, донесе

# С Т А Т У Т
# на Приватната високобразовна установа Универзитет СКОПЈЕ - Скопје
# - пречистен текст-

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Предмет на уредување***

член 1

Со овој Статут на Приватната високобразова нустанова Универзитет СКОПЈЕ - Скопје (во натамошниот текст Универзитетот), во согласност со Законот за високото образование, се уредуваат и утврдуваат: статусот на Универзитетот, називот и седиштето, обележјата на Универзитетот, улогата и задачите на Универзитетот, автономијата на Универзитетот, јавноста во работата на Универзитетот, дејноста на Универзитетот и на единиците, структурата на Универзитетот, внатрешната организација на Универзитетот и форми на соработка, органите и телата на Универзитетот и на единиците, обезбедувањето квалитет, развојот, финансирањето и имотот, високообразовната дејност, научноистражувачката дејност, соработката со други високообразовни и научни установи во земјата и странство, апликативната и стручната дејност; наставно-научните, научните и соработничките звања, правата и обврските на студентите, правото на управување на студентите, студентскиот правобранител и други прашања од значење за остварување на дејноста на Универзитетот.

***Статус на Универзитетот***

член 2

Универзитет СКОПЈЕ - Скопје е правен следбеник на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Универзитет СКОПЈЕ - Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот) е автономна приватна високообразовна установа, која ја сочинуваат факултети, стручни школи и научни институти (во натамошниот текст: единици на Универзитетот).

На Универзитетот може да се основаат и уметнички академии, високи стручни школи и институти во согласност со законот.

Универзитетот обезбедува единство во вршењето и во развојот на високото образование, науката, уметноста непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја и пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини.

член 3

Основач на Универзитетот е Фондацијата за образовни интереси КОЛУМБО од Скопје.

член 4

Дејноста на Универзитетот е од јавен интерес која се остварува во согласност со закон и овој Статут.

***Назив и седиште***

член 5

Полниот назив на Универзитетот е: Република Северна Македонија – Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ - Скопје.

Скратениот назив на Универзитетот е: Универзитет СКОПЈЕ - Скопје.

Називот на англиски јазик е: „Republic of North Macedonia - Private Higher Education Institution University of Skopje“.

Скратениот назив на англиски јазик е University of Skopje.

Седиштето е во Скопје, на Булевар „Партизански одреди“ бр. 99.

***Својство на правно лице***

член 6

Универзитетот има својство на правно лице.

Универзитетот има сметка на која се водат средствата од универзитетот.

Во правниот промет со трети лица Универзитетот настапува во свое име и за своја сметка.

Единиците на Универзитетот имаат права и обврски, определени со Законот за високото образование, актот за основање на Универзитетот и со овој Статут.

Единиците на Универзитетот немаат својство на правно лице и во правниот промет настапуваат под називот на Универзитетот и под својот назив според овластувањата определени со овој Статут.

Покрај статутарните овластувања, единиците можат во правниот промет да настапуваат и со овластување од ректорот.

При исполнувањето на обврските што единицата ги има спрема трети лица, исполнувањето се врши од средствата на Универзитетот.

Организационите единици во состав на Универзитетот имаат определени права во правниот промет и во поглед на управувањето и раководењето, во обем и под услови определени од основачот. За обврските на организационите единици неограничено одговара универзитетот кој ги основал.

***Основна дејност на Универзитетот***

член 7

Основна дејност на Универзитетот е вршење високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност.

Универзитетот врши наставна високообразовна дејност во согласност со студиските програми акредитирани од Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија и во согласност со решенијата за почеток со работа издадени од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

Универзитетот може да врши и образовна дејност во рамките на програмите за професионална едукација што не се акредитирани од страна на Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија. Универзитетот во својата основна високообразовна дејност, освен редовна настава, може да организира и далечинска настава (distance learning).

Основната високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност на Универзитетот, со неговите единици, се изведува во научноистражувачки подрачја, полиња и

области според меѓународната Фраскатиева класификација, и тоа првенствено во следните научноистражувачки подрачја:

5.00 Општествени науки, поле 5.03 Економски науки, 5.06 Организациски науки и управување (менаџмент) и 5.14 Туризам и угостителство,

1.00 Природно-математички науки, поле 105 Географија, 110 Информатика, 2.00 Техничко-технолошки науки, поле 212 Компјутерска техника и информатика.

Универзитетот може да извршува научна и истражувачка дејност и во други научноистражувачки подрачја, доколку за нив добие акредитација и решение за почеток со работа.

Универзитетот врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност и во други подрачја што се во врска со остварувањето на основната дејност.

**Печат, симболи и други обележја**

***Печат***

член 8

Универзитетот и единиците имаат свој печат.

Печатот на Универзитетот го содржи називот и седиштето на Универзитетот.

Печатот на единицата на Универзитетот, покрај својот назив, задолжително го содржи и името на Универзитет Скопје.

Во печатот на Универзитетот и единиците е содржано името Република Северна Македонија.

Во средината на печатот на Универзитетот и на единицата е грбот на Универзитетот.

Универзитетот има два печата:

- Сув печат со тркалезна форма, во средината со грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: *Република Северна Македонија Приватна високобразовна установа*, а во внатрешниот ред: Универзитет СКОПЈЕ - Скопје. Овој печат се употребува за издавање дипломи за степен на стручна подготовка;
- Печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Универзитетот и натпис во два реда. Во надворешниот ред: *Република Северна Македонија Приватна високобразовна установа*, а во внатрешниот ред: Универзитет СКОПЈЕ - Скопје Овој печат се употребува за архивското работење на Универзитетот.

Печатот на единицата на Универзитетот е со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Универзитетот и натпис во три реда. Во надворешниот ред: *Република Северна Македонија Приватна високобразовна установа*, во внатрешниот втор ред: Универзитет СКОПЈЕ - Скопје и во внатершнот трет ред името на единицата. Овој печат се употребува за архивското работење на единицата на Универзитетот.

Универзитетот и единиците на Универзитетот имаат печати со иста преведени на англиски јазик.

***Штембил***

член 9

Штембилот на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Приватна високобразовна установа Универзитет Скопје, Број _______, __ /___година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Универзитетот.

Штембилот на единицата на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Приватна високобразовна установа, Универзитет СКОПЈЕ - Скопје, Името на единицата на Универзитетот, Број _______, __ /__ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на единицата на Универзитетот.

Ректорот на Универзитетот овластува лице/а за употреба и чување на печатите на Универзитетот и на единиците на Универзитетот.

Универзитетот, единиците и придружните членки имаат штембил со иста содржина како во ставовите 1 и 3 од овој член преведен на англиски јазик.

***Канцелариско и архивско работење***

член 10

Заштитата, чувањето и користењето на архивската граѓа се води во согласност со закон.

Основната евиденција на актите се води во деловодник на Универзитетот.

Единиците и внатрешните организациони единици на Универзитетот водат одделни деловодници.

Покрај деловодникот, заради полесно и побрзо ракување со актите, се водат и помошни книги за евиденција.

Актите кои се доставуваат на единиците и внатрешните организациони единици на Универзитетот, се примаат во нивните писарници.

***Симболи***

член 11

Симболи на Универзитетот се: грб, знаме и химна.

***Грб***

член 12

Грбот на Универзитетот го симболизира хералдички знак на круна во чија внатрешност се наоѓа приказ на отворена книга над неа земјина топка со ловорови гранчиња од лева и од десна страна. Над земјината топка е испишан текстот Универзитет СКОПЈЕ, а под книгата текстот Скопје.

Грбот на Универзитетот е изработен во македонска верзија со кирилско писмо и во англиска верзија со латинично писмо.

Ликовно-графичкиот приказ на грбот е составен дел на овој Статут.

***Знаме***

член 13

Знамето на Универзитетот е плаво со правоаголна форма, во средината го содржи грбот на Универзитетот.

Ликовно-графичкиот приказ на знамето е составен дел на овој Статут.

***Химна***

член 14

Химна на Универзитетот е специјално компонирана музика под наслов Мојот универзитет.

Текстот на химната е составен дел на овој Статут.

***Употреба на грбот, знамето и химната***

член 15

Со грбот, знамето и химната се претставува Универзитетот.

Грбот на Универзитетот се употребува на знамето, дипломите, меморандумот и изданијата на Универзитетот, медаљите кои им се доделуваат на наградените студенти на промоција, како и на пригодни плакети.

Знамето на Универзитетот постојано е истакнато на објектот на Универзитетот.

Знамето на Универзитетот се истакнува по повод патрониот ден на Универзитетот, на прослави, свечености и други активности кои се од значење за Универзитетот, а може да се истакне при одржување на меѓународни универзитетски средби, натпревари и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири, како и при спортски натпревари и други спортски активности на Универзитетот.

Химната на Универзитетот се изведува на прослави, промоции и други свечени и спортски манифестации на Универзитетот, при меѓународни универзитетски средби и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири.

Химната се изведува со свирење, со пеење или со свирење и пеење.

## *Други обележја*

### *Плакета*

член 16

Универзитетот има плакета. Плакетата го содржи грбот на Универзитетот.

Плакетата се доделува на заслужни правни и физички лица кои со својата работа дале посебен придонес за развојот на Универзитетот во областа на наставно-образовната, научноистражувачката и уметничката дејност.

Поблиски одредби за доделување плакета и повелба донесува Ректорската управа.

Отпечатокот на симболот од плакетата, односно печатот на Универзитетот претставува и знак на Универзитетот.

### *Одора*

член 17

На Универзитетот се востановува одора за: ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на научните институти и сенаторите.

Одората на ректорот е во бордо боја со додаток во црна боја кој се носи на предниот дел на средина на одората.

Одората на проректорите, деканите, директорите на научните институти и сенаторите е во црна боја со додаток во бордо боја кој се носи на предниот дел на средина на одората.

Составен дел на одорите се капи. Капата за ректорот е во бордо боја со жолт додаток гајтан а капата е за проректорите, деканите, директорите на научните институти и сенаторите во црна боја со жолт додаток гајтан.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Универзитетот и на единиците, при претставување на Универзитетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и сл.

### *Универзитетски инсигнии*

член 18

Универзитетските инсигнии го содржат грбот на Универзитетот и се состои од меѓусебно поврзани гравури, кои ги симболизираат обележјата на Универзитетот.

Универзитетските инсигнии ги носат: ректорот, проректорите, деканите на единиците на Универзитетот и директорите на научните институти, на прослави, промоции и други свечености на Универзитетот и единиците на Универзитетот, или на други национални и меѓународни манифестации.

член 19

Поблиски одредби за употребата на симболите, печатот и другите обележја на Универзитетот донесува Ректорската управа.

***Патронен празник***

член 20

Патрониот ден на Универзитетот е 13-ти мај.

Патрониот ден на Универзитетот се одбележува на свечен начин, секоја година.

На единиците се организираат свечености и на тој ден не се изведува настава.

## II. НАЧИН НА ФИНАСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Извори на финансирање***

член 21

Универзитетот се финансира од следните извори: школарина од студентите, донации, научноистражувачки проекти, издавачка дејност, консултантска дејност и други приходи.

Почетните финансиски средства потребни за основање на Универзитетот ги вложува основачот на Универзитетот.

Ректорската управа со посебна одлука го определува износот на школарината и на другите надоместоци.

***Доделување стипендии***

член 22

Универзитетот може да доделува стипендии.

Начинот и постапката за доделување стипендии се регулира со посебен акт што го донесува Сенатот.

***Располагање со приходите***

член 22

Со приходите  координира и раководи ректорот.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози, располагањето се остварува според намената на дrepresentaвателот согласно со овој Статут.

***Имот на единица што престанала со работа***

член 23

Кога единица на Универзитетот ќе престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, му припаѓаат на Универзитетот.

Кога универзитет ќе престане соработа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, му припаѓаат на основачот.

## III. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### *Содржина и заштита на автономијата*

член 24

Универзитетот, единиците и академската заедница, врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, го уживаат принципот на автономија на Универзитетот при вршењето на својата дејност преку:

1. **академска слобода,** која опфаќа слобода на секој член на академската заедница во научно-истражувачката работа, уметничко творештво, вклучително и слобода на објавување и јавно претставување на научните резултати, со почитување на правата од интелектуална сопственост; интелектуална и творечка слобода во процесот на едукација; негување и поттикнување на критичка мисла и свест; слобода на избор на студиски програми; слобода на избор на предмети и форми на настава, како и интерпретација на наставните содржини; други прашања согласно закон;
2. **автономија во управувањето,** која опфаќа самостојно планирање, остварување и развој на дејноста, донесување на општи акти, избор, именување и отповикување на органите, одлучување за форми на соработка и здружување со соодветни организации и форуми во земјата и странство, во управување и користење на имотот и други прашања согласно со закон;
3. **кадровска автономија,** која опфаќа самостојно одлучување за потребата од вработување и ангажирање на лица во наставно-научни, научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања, самостојност во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон, овој Статут и општите акти на Универзитетот и неговите единици;
4. **финансиска автономија,** која опфаќа самостојно управување и располагање со имотот, предметите, паричните средства и другите материјални права за вршење на високообразовната, научноистрачувачката и применувачката, односно апликативната дејност; донесување финансиски планови; самостојно располагање со средствата што Универзитетот и единиците ги стекнуваат од образовни активности на додипломски, постдипломски и докторски студии, вршење образовна, научноистражувачка стручна дејност и продавање производи на домашни и на странски правни и физички лица, дејности по јавни овластувања, авторски, уметнички и други интелектуални творби, од научноистражувачки проекти, применувачки, односно апликативни дејности, од камати, дивиденди, легати, подароци, завештенија, прилози и други остварувања; самостојно одлучување за акумулацијата на финансиските средства; развој на нови дејности во функција на развој на високообразовната и научноистражувачката дејност; формирање фондови, фондации, основање трговски друштва, установи, здруженија и други организации од сопствени приходи, донации и други извори заради вршење високообразовна, научноистражувачка, издавачка и применувачка, односно апликативна дејност; слободно воспоставување контакти и соработка со деловниот свет на локално, регионално, национално и меѓународно ниво и други прашања согласно со закон. Финансиската автономија ја координира и раководи Ректорот на Универзитетот.

### *Неприкосновеност на автономијата*

член 25

Автономијата на Универзитетот е неприкосновена и не може да се нарушува со:

- извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, врз основа на полот, расата, бојата на кожата, националната и

етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верското убедување и припадност, имотната и општествената положба;
- политичко и религиозно организирање и дејствување, освен активностите што се остваруваат преку форуми на кои се разменуваат идеи и мислења.

***Забрана за верско организирање и дејствување***

член 26

На Универзитетот не е дозволено да се врши верско организирање или дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Ректорот, деканот, директорот или лице овластено од нив се грижи за почитување на обрврските од став 2 и 3 на овој член и ги преземаат потребните мерки за да се спречи нивното кршење.

***Спречување и заштита од дискриминација***

член 27

Универзитетот во рамките на своите можности овозможува посебни обуки и промоции за подигнување на свеста за недескриминација меѓу вработените и студентите.

Универзитетот со посебен акт уредува избор, состав и начин на работење на посебна комисија, која одлучува за пријави и начин на постапување во случај на дискриминација

**Дејства во случај на повреда на автономијата**

член 28

Деканите, односно директорите се должни да го известат Ректорот на Универзитетот кога ќе констатираат дека во нивната средина се нарушени принципите на автономија.

Ректорот, во соработка со деканот, односно директорот, презема мерки за отстранување на причините кои довеле до нарушување на принципите на автономија.

Во случаи на повреда на автономијата, Универзитетот има право да поведе судска постапка пред надлежниот суд.

***Неповредливост на универзитетскиот простор***

член 28

Просторот на Универзитетот е неповредлив и во него не можат да влегуваат припадниците на органите надлежни за внатрешни работи и безбедност, без дозвола на ректорот, а во негово отсуство – проректорот што го заменува, освен во случаи утврдени со закон.

Просторот на Универзитетот го опфаќа просторот (објекти и земјиште) во кој се сместени и во кој се остварува дејноста на единиците и Ректоратот, другите придружни објекти, како и просторот наменет за спортски, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и вработените на Универзитетот и земјиштето чиј корисник е Универзитетот, односно единиците.

Дејствијата на органите на прогонот што се преземаат со одлука на судот може да се спроведуваат само во присуство на Ректорот или на лице овластено од него.

Во академскиот простор може да се организираат активности кои не се поврзани со дејноста на универзитетот, само со дозвола на Ректорот.

член 29

Ректорот по сопствена проценка за настанатата потреба или на барање на декан, односно директор, може да даде согласност за присуство на полицијата и другите државни органи за безбедност во просторот на Универзитетот, заради обезбедување непречено вршење на дејноста на Универзитетот и остварување на неговата улога, цели и задачи и заради отстранување на состојба на непосредна опасност по животот и здравјето на вработените и имотот на Универзитетот, настаната од кои и да било причини.

член 30

Доколку просторот на Универзитетот се наруши спротивно на одредбите од овој Статут, ректорот свикува седница на Ректорската управа и ги известува надлежните државни органи.

### *Мирно решавање на споровите*

член 31

Евентуално настанатите спорови помеѓу членовите на академската заедница, како и споровите помеѓу единиците на Универзитетот се решаваат со академска толеранција, спогодбено, во заедничките органи, арбитражно и на друг начин на академско разбирање.

Во спротивно, ректорот е должен да свика вонредна седница на Ректорската управа заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за отстранување на последиците предизвикани од настанатата состојба.

Доколку спорот не може да се разреши на начин утврден во претходниот став на овој член, ректорот формира Комисија за посредување, кој учествува и помага во разрешувањето на настанатата состојба.

Доколку настанатиот спор не може да се реши на некој од начините предвидени во став 1 на овој член, спорот се решава по судски пат.

При решавање на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Универзитетот и на единиците.

## *ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И ГРАЃАНИТЕ*

член 32

Универзитетот обезбедува јавност во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност.

Јавноста од став 1 на овој член се остварува со ставање на увид на јавноста на годишниот извештај за резултатите од евалуацијата, со издавање на годишници на Универзитетот, учебници и наставни помагала, монографии, преку интернет-порталот на Универзитетот, преку изданијата на студентите и на друг соодветен начин.

Јавноста се обезбедува и во вршењето на применувачката дејност во рамките на обврските што ги презема Универзитетот со правни лица за кои се врши дејноста.

За обезбедување на јавноста се грижи ректорот на Универзитетот

Ректорот на Универзитетот, а во негово отсуство – проректорот овластен од ректорот или овластеното лице за односи со јавноста, даваат усни известувања или известувања преку средствата за јавно информирање за прашања што се однесуваат на работата на Универзитетот.

член 33

За работата на Универзитетот, за одлуките на органите на управувањето на Универзитетот и, воопшто, за дејноста на Универзитетот, Универзитетот ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање.

Универзитетот има своја ВЕБ страница во Интернет - мрежата, преку која се обезбедува достапност на релевантни податоци и информации од дејноста и работењето на Универзитетот.

Единиците на универзитетот имаат своја веб страница на која задолжително се објавуваат информации предвидени со закон, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

### *Отчетност и одговорност*

член 34

Отчетноста и одговорноста на Универзитетот се изразуваат преку:

- поднесување годишен извештај за работата до Сенатот, наставно- научниот совет и Одборот на директори;
- воспоставување и функционирање на внатрешен систем за оцена на ефективноста и на квалитетот на остварувањето на дејностите на Универзитетот;
- самоевалуација на Универзитетот и на одделни единици во негов состав;
- информирање на надлежните органи и на пошироката јавност за релевантни прашања.

### *Класифицирана информација*

член 35

За класифицирана информација на Универзитетот се сметаат документи и податоци што се утврдени со посебна одлука на Ректорската Управа или врз основа на закон.

Универзитетот ги чува како тајни документите и податоците што надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација и кои му ги доставил како доверливи, а се од областа на одбраната, документи од меѓународна соработка кои се означени како класифицирана информација, а се од посебно општествено – економско значење во согласност со закон.

член 36

Ректорот или лице овластено од него, може да им ги соопшти документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација на други овластени лица.

# IV. ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ

член 37

***Дејност на Универзитетот***

**Главна дејност** на Универзитетот според Националната класификација на дејности (НКД РЕВ.2) е 85.42 – високо образование.

Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици и со своите органи обезбедува усогласено вршење на нивните дејности во согласност со Законот за високото образование, и тоа на следниот начин:

- ја поврзува научно-наставната дејност со апликативните решенија во практиката врз основа на научни сознанија;
- иницира и учествува во домашни и во меѓународни проекти поврзани со основната дејност на Универзитетот;
- воспоставува и одржува соработка и партнерство со: универзитети од земјата и од странство, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и други домашни и странски субјекти, заради унапредување на високообразовната, на научноистражувачката и на применувачката, односно апликативната дејност;
- организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири;
- организира заеднички студиски програми со домашни и со странски високообразовни установи;
- организира меѓународни студиски програми и унапредување на меѓународната димензија во високото образование;
- организира зимски/летни школи и други форми на едукација;
- организира студии во и надвор од Република Северна Македонија;
- организира студии за вработени професионалци, кои може да бидат студии од прв и од втор циклус студии или стручни студии, а може да се организираат како редовна настава или настава за вработени (вонредни студии), вклучувајќи и далечинска настава (distance learning);
- учествува во меѓународни програми;
- врши трансфер на технологии;
- разива нови дејности;
- организира стручна и административна служба;
- врши издавачка дејност (годишник, студии, периодики и др.);
- врши библиотечна дејност;
- основа установи и трговски друштва во согласност со законот и со овој Статут;
- се грижи и презема мерки за тековно и инвестициско одржување на објектите и на имотот;
- организира универзитетски центри во согласност со научното подрачје на единиците во неговите рамки;
- врши други дејности и работи определени со закон и со овој Статут

***Дејност на единиците***

член 38

Единицата на Универзитетот, во рамките на својата дејност:

- ги планира остварувањето и развојот на дејностите во рамките на изворните и на пренесените овластувања;
- врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или повеќе сродни уметнички области во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот, и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи во согласност со овој Статут;
- организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство во согласност со овој Статут;
- презема активности во рамките на библиотечно-информациската и документациската дејност на Универзитетот;
- предлага и презема мерки за унапредување и за заштита на стандардот на студентите и на вработените;
- остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
- разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и со странски физички и правни лица;
- обезбедува консултантски услуги;
- се грижи и презема мерки за усовршување на кадарот што изведува високообразовна, научноистражувачка и уметничка дејност, како и за кадарот во стручната и во административната служба;
- реализира домашни и меѓународни проекти;
- врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

## V. СТРУКТУРА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

член 39

Универзитетот се состои од единици кои се: факултети и научни институти.

Како единици на Универзитетот може да се формираат уметнички академии и високи стручни школи.

Одлука за основање и за престанок на единици донесува Универзитетскиот сенат, по претходно мислење на органот на основачот, кој ја оценува нивната општествено-економска оправданост

Пред името на единиците задолжително стои Приватна високобразовна установа Универзитет Скопје.

***Единици на Универзитетот***

член 40

Во состав на Универзитетот, се следните единици:

1. Факултет за туризам
2. Факултет за претприемачки бизнис;
3. Факултет за менаџмент на човечки ресурси;
4. Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент;
5. Економски факултет;
6. Факултет за информатика;
7. Институт за национална географија и
8. Институт за бизнис и менаџмент.

***Внатрешна организација на единиците на Универзитетот***

член 41

Единиците на Универзитетот за реализирање на својата дејност може да се организираат во внатрешни организациони единици: оддели, катедри и центри.

Во состав на Универзитетот може да се основаат и други внатрешни организациони единици, како: институти, сектори, центри, библиотека, центри за правни и бизнис-совети, правни клиники, центри за социјална работа и друга помош на граѓаните.

Актот за основање го донесува Сенатот, по предлог на Ректорската управа, во согласност со овој Статут.

Кон одлуката е потребно да се обезбедат:

1. елаборат за основање;
2. средства за работа;
3. план и програма за работа;
4. објект, опрема и простор;
5. потребен број работници;
6. други услови.

***Овластувања на универзитетските единици***

член 42

Единиците на Универзитетот ги имаат правата и обврските утврдени со Законот и со овој Статут.

Единиците на Универзитетот ги имаат следните права:

1. да имаат активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;

2. да иницираат прашања и да предлагаат решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците.

Единиците на универзитетот ги имаат следните обврски:

1. да учествуваат активно во работата на органите и на работните тела на Универзитетот и на единиците;

2. да ги реализираат актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и на единиците;

3. да го почитуваат дигнитетот и достојно да ги употребуваат името и обележјата на Универзитетот и на единиците.

***Овластувања на внатрешните организациони единици***

член 43

Внатрешните организациони единици на Универзитетот можат да имаат одредени права во правниот промет во обем и под одредени услови со актот за основање и со правилник.

***Придружни членки***

член 44

Универзитетот може да склучи договор со други самостојни високообразовни установи или научни институти за нивно придружно членство во Универзитетот. Условите за вакво членство поблиску се регулираат со посебен договор за соработка.

Универзитетот може самостојно или во соработка со други установи или трговски друштва да формира установи и трговски друштва за извршување апликативна, научна или консултативна дејност.

Универзитетот може да основа и да партиципира во работата на здруженија на граѓани и фондации чија дејност е поврзана со вршењето на основната дејност на Универзитетот.

член 45

Со статус на придружни членки на Универзитетот можат да се стекнат научни институти, други високообразовни установи и други установи и организации, чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната, научната, уметничката и стручната дејност на Универзитетот.

Установите и/или организациите од став 1 на овој член можат да станат придружни членки на Универзитетот под услов да изјават согласност дека ги прифаќаат одредбите од овој Статут и другите општи акти на Универзитетот и ако документирано потврдат дека со нивното дејствување ќе придонесат за остварување и унапредување на дејноста на Универзитетот,

Придружните членки имаат права и обврски активно и постојано да учествуваат и придонесуваат за остварувањето на основната дејност на Универзитетот и неговите единици, да предлагаат решенија за проблеми од доменот на дејноста на Универзитетот и неговите единици, активно да учествуваат во работата на органите и работните тела на Универзитетот и неговите единици, да ги применуваат актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и неговите единици, да го почитуваат дигнитетот на Универзитетот и на достоен начин да ги употребуваат името и обележјата на Универзитетот и неговите единици.

Статусот, правата и обврските на придружните членки на Универзитетот детално се уредуваат со посебен интерен акт на Универзитетот.

***Почесни членки на Универзитетот***

член 46

Универзитетот може во својот состав да има установи, трговски друштва и организации од земјата и од странство со својство на почесни членки на Универзитетот, кои со својата

дејност непосредно значително придонесуваат за развојот на високообразовната, научноистражувачката, уметничката и апликативната дејност и за афирмацијата на Универзитетот во земјата и во странство.

член 47

Условите, постапката и начинот на стекнување статус почесна членка на Универзитетот, како и нивните права и обврски се утврдуваат со посебен акт на Универзитетскиот сенат.

***Статусни промени***

член 48

Универзитетот може да се спои, да се подели или да се присоедини според условите и постапката утврдени со Законот за високото образование, Законот за установи и со овој Статут.

Статусни промени може да се спроведуваат и за единиците во рамките на Универзитетот, односно може да се спојат, да се поделат или да се присоединат.

Ако универзитетскиот сенат донесе одлука за статусна промена, со неа се утврдуваат: статусот и името на единицата или на единиците после извршената статусна промена, начинот на кој студентот ќе ги заврши студиите според студиската програма на која нив ги започнал, правата и обврските на единиците кај кои се извршила статусната промена, пренесувањето и располагањето со соодветната документација и архива на единиците и други прашања од значење за статусната промена.

***Престанок на единица***

член 49

Единица во состав на Универзитетот престанува да постои:

- врз основа на закон за нејзино престанување;
- врз основа на акт на надлежен орган за одземање правото за вршење високообразовна дејност согласно со закон;
- со припојување, спојување и поделба согласно со закон и овој Статут.

За случаите од претходниот став на овој член одлука донесува Универзитетскиот сенат.

## Стручна и административна служба

член 50

Стручната и административната служба се организира како интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот (во натамошниот текст: Служба на Универзитетот) која ја сочинуваат Централната стручна и административна служба - и стручните и административни служби на единиците.

член 51

Со работата на Стручната и административната служба раководи Генералниот секретар на Универзитетот.

Генералниот секретар го избира и разрешува Сенатот на Универзитетот, на предлог на Ректорот.

Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред Ректорот на Универзитетот.

Со службата на единицата раководи секретар кој за својата работа е одговорен пред деканот, односно директорот и пред генералниот секретар.

член 52

Генералниот секретар на Универзитетот:

- се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Ректорската управа и Сенатот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- по овластување на ректорот, го застапува Универзитетот во правните работи;
- ја координира соработката на Универзитетот со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката;
- се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Централната стручна и административна служба и на стручните и административни служби на единиците.
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и ги известува за тоа ректорот;
- ја координира работата со секретарите на единиците за прашањата што се однесуваат на Универзитетот како целина и за работите од делокруг на Службата на Универзитетот;

член 53

Секретарот на единицат се избира и разрешува од страна на наставно-научниот совет на единицата по предлог на Деканот на единицата.

Работата на секретарот на единицата се регулира со правилникот на единицата.

## VI ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Органи и тела на Универзитетот***

член 54

Органи и тела на управување на ниво на Универзитетот се следниве:

1. Универзитетски сенат;
2. Ректор;
3. Ректорска управа;
4. Претседател на Универзитетот - орган на основачот

***Универзитетски сенат***

*Положба и состав*

член 55

Универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: Сенатот) е орган на управување и стручен орган на Универзитетот.

Сенатот го сочинуваат:

- по 1 претставник од единиците на универзитетот избрани со гласање од редот на наставно-научните работници.
- 10% од бројот на членовите на Сенатот се претставници од студентите избрани од Универзитетското студентско собрание
- Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.
- Придружните членки на Универзитетот избираат по еден член на Сенатот. Претставниците од придружните членки-други организации треба да имаат најмалку високо образование и тие учествуваат во работата на Сенатот за прашањата поврзани со нивната дејност.

За член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на универзитетот.

Генералниот секретар и Претседателот на Универзитетот учествуваат во работата на Сенатот, без право на одлучување

*Начин на работа на Сенатот*

член 56

Сенатот, работите од своја надлежност ги врши во согласност со закон, Статут и Деловникот за работа на Сенатот.

За уредување на работите од својата надлежност Сенатот донесува одлуки, правилници, упатства и заклучоци.

*Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на Сенатот*

член 57

Членовите на Сенатот, со непосредно и тајно гласање, се избираат од страна на наставно - научните односно наставните совети на единиците на Универзитетот, органите на управување на придружните членки и Студентското собрание на Универзитетот.

Мандатот на членовите на Сенатот од редот на наставниците трае 3 (три) години со право на уште еден избор.

Мандатот на членовите на Сенатот од претставниците на студентите трае 1 (една) година без право на реизбор.

член 58

Во текот на мандатот може да се изврши и замена на член на Универзитетскиот сенат на ист начин и постапка како и при избирањето на членовите на Сенатот.

Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член.

член 59

Верификацијата на мандатот на членовите на Сенатот ја врши верификациона комисија од три члена, избрани од редот на Сенатот.

членовите на верификационата комисија, се избираат на предлог на членовите на новоизбраниот Сенат.

член 60

Постапката за избор на членови на Сенатот започнува најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот Сенат.

Постапката ја покренува Претседателот на Сенатот.

*Престанок на мандат на член на Сенат*

член 61

На член на Сенатот му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран:

- ако го отповика единицата, односно органот што го избрал, на начин и постапка како и за неговиот избор;
- ако му престане работниот однос;
- ако му мирува работниот однос;
- на негово барање;
- во други случаи утврдени со закон, овој Статут и со актите на Универзитетот

*Надлежност на Сенатот*

член 62

Сенатот, покрај надлежностите предвидени со Законот за високото образование, ги има и следните надлежности:

- одлучува по жалби кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
- избира членови од својот состав во составот на Интеруниверзитетската конференција, со тајно гласање;
- формира, по предлог на ректорот, комисии, односно работни тела или групи со членови од редот на наставниците и другите членови на единиците и придружните членки, стручната и административната служба на Универзитетот, како и надворешни лица заради проучување прашања и извршување работи значајни за работата и дејноста на Универзитетот. Комисиите и другите работни тела или групи се должни на Сенатот да му поднесат писмен извештај за извршените задачи;
- донесува Одлука за доделување признанија за звање почесен професор, почесен доктор, професор емеритус и почесен ректор;
- врши избор во звање редовен професор;
- избира проректори на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

член 63

Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови (релативно мнозинство).

За прашањата што се однесуваат на изборот на органите на Универзитетот и на изборот на редовните професори, Сенатот одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на сенатот, а донесува одлуки со мнозинство од присутните членови (релативно мнозинство).

член 64

Поблиски одредби за начинот на работата на Сенатот се утврдуваат со Деловникот за работа на Сенатот.

*Претседател на Сенат*

член 65

Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање за период од една година, со право на уште еден избор.

Претседателот на Сенатот се избира на седница на Сенатот на која присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлуката за избор се донесува со мнозинство од присутните членови (релативно мнозинство).

Ако за избор на претседател се предложат повеќе кандидати и ако при гласањето во првиот круг ниту еден кандидат не добие мнозинство гласови од присутните членови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води ректорот

***Ректор***

*Положба и избор*

член 66

Ректорот е раководен орган на Универзитетот кој го претставува и застапува Универзитетот во земјава и во странство.

Ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување јавен оглас.

Постапката за избор на ректор подетално се уредува со посебни акти на Универзитетот.

Изборот ќе се врши за време од три години со право на уште еден избор.

*Права, должности и одговорности на ректорот*

член 67

Ректорот, покрај надлежностите предвидени со Законот за високото образование, врши и други работи, и тоа;

- ја организира и координира работата и раководи со наставните и вон-наствните активности на Универзитетот;
- му прелага на Сенатот мерки за унапредување на работата на Универзитетот;
- ги спроведува одлуките на Сенатот;
- потпишува дипломи и додаток на дипломи согласно закон
- активно учествува во спроведување на Стратегискиот план на Универзитетот;
- предлага и други акти од областа на наставата;
- ја координира работата на комисиите, работните дела, стручната и административната служба на Универзитетот, раководните тела и наставниот кадар на факултетите и на

научните институти, во врска со остварувањето на одлуките и заклучоците на Сенатот и на Ректорската управа што се однесуваат на улогата, задачите и дејноста на Универзитетот утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
- доделува признанија за звање почесен професор, почесен доктор и професор емеритус и почесен ректор.

За вршење на дел од своите права и обврски, ректорот може да овласти проректор, односно проректори.

Овластениот проректор, односно проректори, одговара за законитоста во извршувањето на својата работа.

Ректорот е обврзан до Сенатот и до органот на основачот еднаш годишно да достави извештај за својата работа и за работата на Универзитетот

*Одговорност на ректорот за законитоста и статутарноста*

член 68

Ректорот се грижи и е одговорен за законитоста на работата на Универзитетот и на универзитетските единици.

Ректорот може да го суспендира деканот, односно директорот поради незаконито вршење на должноста и да постави времен вршител на должноста декан, односно директор.

Против одлуката на ректорот може да се поднесе жалба до Сенатот.

Одлуката на Сенатот за жалбата е конечна.

Ректорот одговара пред Сенатот на Универзитетот за ефикасната работа и за редот на Универзитетот, како и за управувањето на Универзитетот според политиките утврдени од Одборот на Универзитетот.

Вршењето на должноста ректор е неспојливо со вршењето јавна функција или функција во политичка партија.

*Начин и постапка на за предвремен престанок/разрешување*

член 69

Постапка за предвремено разрешување на Ректор може да отпочне доколку Сенатот:

- утврди потешки прекршувања на Законот за високо образование;
- извештајот за работа на ректорот биде негативно оценет од Сенатот.

член 70

Во случај на предвремен престанок на мандатот на ректорот на Универзитетот, должноста Ректор ја врши овластениот проректор.

***Проректори***

*Положба и избор*

член 71

Проректорите се избираат од редот на лицата избрани во наставно-научни и научни звања од единиците на Универзитетот.

Проректорите, по предлог на ректорот, ги избира Сенатот со тајно гласање, за време од три години, со право на повторен избор.

Проректорите може да се именуваат за координирање на наставата и на наставните програми, за научноистражувачка работа, за меѓународна соработка за контрола на квалитет и за други значајни области.

*Права, должности и одговорности*

Член 72

Проректорите се грижат, ја координираат и ја усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство.

Поблиски одредби за начинот на работата, правата, должностите и одговорностите на проректорите се уредуваат со актот за именување со кој се утврдуваат правата и обврските на проректорот и со општите и поединечни акти на Универзитетот.

Ректорот на Универзитетот може да пренесе дел од своите овластувања на проректорите, кои одговараат за законитоста на работењето во рамките на надлежностите во согласност со законот и со пренесените овластувања од страна на ректорот.

*Неспојливост на функциите*

член 73

Вршењето на должноста ректор и проректор е неспојливо со вршењето друга јавна функција или функција во политичка партија.

Одредбите што се однесуваат за ректорот соодветно се применуваат и за проректорот кога е овластен да го заменува ректорот во време на негово отсуство и во сите други случаи предвидени со законот и со овој Статут.

***Ректорска управа***

*Состав*

член 74

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на единиците, директорите на научните институти и претседателот на Студентското собрание на Универзитетот.

Со Ректорската управа раководи ректорот.

Во работата на Ректорската управа учествува органот на основачот и генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување.

*Надлежност на Ректорската управа*

Член 75

Ректорската управа, покрај надлежностите предвидени со Законот за високото образование:

- разгледува евалуации на академскиот кадар,
- го утврдува академскиот календар,
- утврдува академско-административно оптоварување на академскиот кадар,
- донесува одлука за покана и за ангажирање визитинг-професори од земјата и од странство за изведување настава
- усвојува интегриран распоред за прв и втор циклус студии,
- предлага и усвојува акти на единиците и на Универзитетот од нејзина надлежност,
- предлага и разгледува акти што се предмет на усвојување на Универзитетскиот сенат,
- дава предлог за доделување на звање почесен професор и почесен доктор на науки,

- врши и други работи предвидени со општите и поединечни акти на Универзитетот.

*Начин на работа*

член 76

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа и раководи со нивната работа.

Во негова отсутност, седницата на управата ја свикува и со неа раководи еден од проректорите, овластен од ректорот.

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа по своја иницијатива, или на барање од најмалку една петина од членовите на управата.

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на управата.

Одлуките на ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови на управата.

Работата на Ректорската управа детално се уредува со Деловник за работа на Ректорската управа.

***Орган на основачот***

член 77

Претседателот на Универзитетот е орган на основачот и има права и обврски согласно закон, овој статут и актите на универзитетот.

член 78

Претседателот на Универзитетот го именува со одлука основачот и истиот во рамките на своите надлежности, ги врши следните работи**:**

- раководи со деловните, финансиските и административно-техничките работи на Универзитетот
- врши надзор, дава насоки и ја промовира ефикасната работа на Универзитетот
- дава согласност на Статутот по претходно добиено Мислење од Владата на Р. С. Македонија;
- го одобрува буџетот, годишниот книговодствен биланс, годишните финансиски извештаи за работење на телата и органите на универзитетот во текот на изминатата година;
- одлучува во втор степен по жалби против одлуките и решенијата што ги носат органите на Универзитетот;
- одлучува за организационата структура и администрацијата на универзитетот и го одобрува Правилникот за организација и систематизација;
- именува членови на привремени и постојани комисии
- ги утврдува критериумите за висина на платите и на другите надоместоци на вработените и носи акти што ги регулираат овие прашања;
- одлучува за плаќања кои не се предвидени во буџетот на универзитетот;
- одлучува за располагање со имотот на универзитетот на начин кој е во корист за краткорочни и долгорочни цели на универзитетот;
- одлучува за инвестициите и распределбата на профитот;
- ги одобрува препораките на сенатот и ректорската управа за краткорочната и долгорочната политика на универзитетот
- спроведува други работи одредени со овој статут кои не се во овластувања на други тела.
- одлучува по одлуките и решенијата на ректорот по прашања кои се поврзани со прашањата во надлежноста на основачот определени со Одлуката за основање на

универзитет.

- одлучува и донесува итни одлуки заради евентуално спречување и загрозување на имотот и интегритетот на Универзитетот, а се со цел непречена работа и развој на Универзитетот.
- Одлучува за други работи одредени со овој статут.

Претседателот на Универзитетот е самостоен во извршувањето на работите од својот делокруг и е должен да ги почитува Законот за високото образование, актите, статутот и одлуките на осничачот, а за својата работа одговара пред основачот.

***Овластено лице за прием на пријави по корупција***

член 79

Лицето овластено за прием на пријави по корушција е омбудсман, назначен од Сенатот на Универзитетот како доверлив и непристрасен контакт на студентите, вработените на Универзитетот, деловните партнери и трети лица. За да ги исполни своите должности, тој има право на неограничен пристап до информации.

Лицето овластено за прием на пријави по корушција прима пријави во врска со можни случаи на корупција, ги испитува наводите и, доколку истите се потврдат, презема понатамошни чекори во координација со Сенатот и Претседателот на Универзитетот.

Лицето овластено за прием на пријави по корушција одлучува дали да вклучи или сподели информациите со други органи во координација со раководните органи на Универзитетот.

За време и по неговиот мандат, тој е должен да ги чува како доверливи информациите до кои ќе дојде а се поврзани со личните работи на вработените на Универзитетот.

Лицето овластено за прием на пријави по корушција нема право да учествува во дисциплински постапки.

Лицето овластено за прием на пријави по корушција е должно да ги третира со апсолутна доверливост сите случаи отворени по повод пријавата за корупција, а кои содржат лични податоци. Тие треба да бидат уништени ако сомневањето за корупција не може да се потврди.

## Други тела на универзитетот

*Стручни тела и комисии*

член 80

Заради проучување на прашања од својата надлежност, Сенатот може да формира постојани и повремени работни тела и комисии во рамките на своите надлежности, а од области што се однесуваат, но не се ограничуваат на:

- издавачка дејност;
- внатрешна контрола;
- унапредување на квалитетот;
- унапредување на условите за студирање на Универзитетот;
- научноистражувачка работа;
- приговори и жалби;
- дисциплинска одговорност;
- етичко однесување;
- самоевалуација;
- и други области.

Начинот на работата, правата и обврските на членовите на комисиите и телата од став 1 на овој член се утврдуваат со актот за нивното формирање.

## VII ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

член 81

Органи на факултетот се наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

На факултетот се формира факултетско студентско собрание како тело на факултетот.

Органи на научен институт е научен совет за студии од втор и трет циклус, директор и други органи утврдени со правилникот на научниот институт.

***Наставно-научен совет, односно научен совет***

член 82

Наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на научен инстутут е стручен орган.

Член 83

Наставно-научниот совет е стручен орган на факултетот со кој раководи деканот или во негово отсуство еден од продеканите.

Наставно-научниот совет е советодавен орган на деканот на факултетот
кој може да дискутира и да дава мислење за кое и да било прашање што е поврзано со работата на факултетот.

Наставно-научниот совет го сочинуваат:

1. редовните професори
2. вонредните професори
3. доцентите
4. студентите (сочинуваат 10% од бројот на членови на наставно-научниот совет).

Мандатот на претставниците на студентите во наставно-научниот совет е две години.

*Надлежност на наставно-научниот совет*

Член 84

Покрај надлежностите утврдени со закон, наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет:

- донесува програма за научноистражувачка дејност,
- утврдува студиски програми и предметни програми,
- усвојува извештај за работа во согласност со планираните активности,
- формира рецензентски комисии за изготвување реферати за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања,
- се грижи за подобрување на студиските програми и за нивно развивање и дополнување во согласност со потребите на стопанството,
- одлучува за формирање стручни тела во рамките на факултетот,
- врши други работи во согласност со овој Статут, со општите и поединечни акти на Универзитетот

член 85

Седниците на наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на наставно-научниот совет раководи продеканот за настава.

Деканот е должен да свика седница на наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

Начинот на работа и одлучување на Наставно научниот совет подетално се регулира со посебен акт на единицата.

***Декан, односно директор и негова надлежност***

член 86

Деканот односно директорот е раководител на факултетот.

Вршењето на должноста декан и продекан е неспојливо со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Деканот го претставува факултетот, во земјата и странство во согласност со овој статут и статутот на факултетот

Покрај правата и обврските предвидени во Законот за високо образование, деканот, односно директорот ги има следните права и обврски:

- да учествува во процесот на раководење со Универзитетот преку учество во Ректорската управа,
- да биде редовно информиран за сите случувања што се релевантни за Универзитетот во целост, како и за факултетот,
- да распоредува наставници и соработници со цел поефикасно да се изведува наставата,
- да предлага ангажирање на наставници и соработници, да учествува во процесот на евалуација на наставниците и на соработниците,
- да предлага унапредување или санкционирање за наставници / соработници на факултетот,
- да изрекува дисциплински мерки кон студентите во согласност со акт со кој се регулира дисциплинската постапка,
- да се грижи за редовно одвивање на наставата на факултетот, односно високата стручна школа со кои раководи,
- да се грижи за изготвување на распоредот и на наставните програми во согласност со актот со кој факултетот е акредитиран,
- да учествува во подготвување на елаборати за домашна или меѓународна акредитација,
- да организира формирање комисии за спроведување и за евалуирање на клиничката настава што ја изведуваат професори по клиничка настава,
- врши и други работи во согласност со законот, општите и поединечни акти на Универзитетот.

Деканот исто така доделува признанија на студенти што постигнале посебни резултати (деканска листа, cum laude, suma cum laude и magna cum laude).

Деканот односно директорот е должен најмалку еднаш во годината да поднесе извештај за својата работа до наставно-научниот совет и до ректорот.

Деканот, може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите, односно на заменик-директорот и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

*Избор и разрешување на декан / директор*

член 87

Деканите се избираат од Наставно-научниот совет на Факултетот. Одлуката за избор на Декан се доставува до Сенатот на Универзитетот за потврдување.

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот.

Во случај да нема кандидати со звања според став 2 од овој член, за декан може да биде избран и професор од редот на доцентите.

Мандатот на деканот е три години, со право на уште еден избор.

Продеканите се назначуваат од ректорот, по предлог на деканот на факултетот.

Ректорот донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан.

Постапката за избор на декан започнувасо објавување на интерен конкурс за избор на декан.

Ако во рамките на рокот утврден со Закон и со овој Статут, деканот не се избере, најдоцна во рок од три дена, ректорот назначува вршител на должноста декан, чиј мандат може да трае најмногу шест месеци.

член 88

Мандатот на деканот може да биде прекинат пред завршување ако:

- Поднесе оставка од функцијата.
- Настане трајна спреченост за вршењена функцијата.
- Сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од ректорот
- И во други случаи утврдени со Закон и со овој Статут.

***Деканатска управа***

член 89

Деканатската управа е орган на управување на факултетот и може да има најмногу пет члена, а најмногу 15 члена.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, односно директорот, продеканите, раководителите на внатрешните организациони единици определени со правилникот на факултетот, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од факултетското студентско собрание.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

Деканатската управа во рамките на својата надлежност:

- Се грижи за остварување на дејноста и развојот на факултетот, и за односите со пошироката општествена заедница и со државните органи.
- Ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет и деканот; и
- Врши и други работи определени со Статутот на Универзитетот.

Одредбите од овој член соодветно се применуваат и за Управата на висока стручна школа.

### *Внатрешна организација на единиците*

член 90

Единиците на Универзитетот за вршење на својата дејност може да организираат:

- катедри
- институти
- оддели
- центри
- лаборатории
- библиотеки
- други внатрешни организациони единици.

Работата и надлежностите на катедрата се уредуваат со посебен акт на единиците.

### *Одбор за соработка и доверба со јавноста (Советодавен борд)*

член 91

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно- истражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, факултетот формира Одбор за соработка и доверба со јавноста.

Одборите за соработка и доверба со јавноста на високообразовните установи имаат советодавна улога и во нив членуваат претставници на основачот, релевантни претставници на деловната заедница или нестопанството од делокругот на студиските програми.

За член на одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде лице кое согласно Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа. Составот и начинот на предлагање на неговите членови се определува со правилник.

По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат препораки.

## VIII. СТУДЕНТИ

***Статус на студент***

член 92

Статусот на студент се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот.

Студентите се запишуваат врз основа на јавен конкурс објавен од Универзитетот во согласност со закон.

Со запишувањето студентот станува член на академската заедница.

Студентскиот статус е потврден со електронски идекс (e-index)

Студентите можат да имаат редовен и вонреден статус.

***Финансирање на студентите***

*Договор за студирање*

член 93

По уписот на соодветниот факултет или на високата стручна школа, студентите склучуваат договор за студирање со Универзитетот.

Со договорот за студирање се регулираат правата и обврските меѓу Универзитетот и студентот, висината на школарината и условите за студирање.

член 94

Студирањето е со лично финансирање од студентите.

Личното финансирање се однесува на уплата за:

- уписнина;
- годишна школарина;
- административни трошоци.

Студентот ги сносува и материјалните трошоци за издавање на разни уверенија и потврди, како и за издавање диплома за завршени студии.

Износот на уплатите за лично финансирање и износот на материјалните трошоци детално се регулираат со договорот за студирање и со општите акти на Универзитетот.

***Права и обврски на студентот***

член 95

Студентот има право на:

1. квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми,
2. слободно искажување на мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на високообразовната установа,
3. право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците,
4. редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент,
5. редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при уписот,
6. запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, статут и студиска програма,
7. учество во управувањето со високообразовната установа согласно со овој закон и статутот на високообразовната установа,
8. заштита на своите права и должности пред органите на високообразовната установа и

9. заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство.
10. остварува соработка со студентите во земјата и во странство и
11. остварува и други права согласно со закон и со овој Статут

Студентот има обврска да:

1. Да ги извршуваат задачите според студиските програми.
2. Да ги почитуваат актите на Универзитетот.
3. Да ги почитуваат правата на вработените и на другите студенти.
4. Да учествуваат во академските активности организирани од Универзитетот.
5. Да се грижат за зачувување и за зголемување на угледот на Универзитетот.
6. Да го почитуваат етичкиот кодекс на студентите усвоен од Сенатот на Универзитетот.

*Правила на студирање*

член 96

Со општ акт на Универзитетот се регулираат постапките и правилата за студирање, а особено за: студентскиот календар, уписните постапки, испитниот режим, напредувањето, мирувањето, завршување на студиите, стипендирањето, преминувањата меѓу студиските програми, повторување на семестарот и други правила поврзани со студиите.

***Престанок на статусот на студент***

член 97

На студентот му престанува статусот на студент на Универзитетот според условите и постапката утврдени со закон и со акт на Сенатот ако студентот:

- дипломира,
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, статутот или правилата за студирање на високообразовната установа,
- се испише,
- е исклучен и
- во други случаи утврдени со правилата за студирање на универзитетот и на единицата на универзитетот, односно со статутот на самостојната висока стручна школа.

Статусот од ставот (1) на овој член може да биде обновен.

Во случаите кога студиската програма не е повеќе важечка, студентот е должен да ги ислуша, исполни и да ги заврши дополнителните обврски во согласност со студиската програма.

***Дисциплинска одговорност на студентите***

*Основи за дисциплинска одговорност на студентите*

член 98

Во текот на студиите, студентите мора да се придржуваат до законите, Статутот на Универзитетот и правилниците на Универзитетот.

*Видови дисциплински повреди*

член 99

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

1. нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата;
2. непристојно однесување спрема наставниците, соработниците или другите вработени, како и спрема другите студенти;
3. регистрирање присуство на друг студент;
4. небрежно однесување спрема имотот на факултетот, што може да доведе до оштетување во проценет износ до 100 евра во денарска противвредност.

член 100

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

1. поседување и користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите;
2. препишување или давање каква било помош на друг студент во текот на испитите;
3. самоволно регистрирање заради добивање бодови од активност;
4. недозволено носење опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони, од страна на студентите, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава;
5. плагијаторство во форма на пренесување туѓ семинарски труд или академски есеј во свое име;
6. неприсуство во реализирањето на практичните семинари и теренска настава и напуштање на пратичната работа на која е упатен од универзитетот;
7. физички напад со нанесување лесна телесна повреда;
8. физички напад со нанесување тешка телесна повреда;
9. вербална или реална навреда на наставник или соработник;
10. давање неточни податоци на органите на единицата;
11. упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно на единицата (веб страница, електронски досиеја и сл.);
12. оштетувања во проценет износ над 100 евра во денарска противвредност поради непридржување кон пропишаните правила или безобѕирен однос спрема имотот на Универзитетот, односно единицата, како и присвојување предмети што се сопственост на Универзитетот, односно единицата;
13. повторени лесни дисциплински повреди.

*Видови дисциплински мерки*

член 101

За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. опомена
2. јавна опомена
3. исклучување - се применува за учебната година во која е изречена.

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка опомена, јавна опомена и исклучување.

Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

Дисциплинските мерки ги изрекува комисијата за дицициплински мерки на единицата на универзитетот, односно на самостојната стручна школа.

Во составот на дисциплинската комисија еден член делегираат студентите на високообразовната установа на која е запишан студентот.

*Поведување и тек на дисциплинската постапка*

член 102

Поведувањето и текот на дисциплинската постапка се уредува со посебен акт на Универзитетот.

Дисциплинската постапка се води од комисија составена од тројца членови од кои двајца членови се од редот на наставниците и еден член е претставник на студентите.

членовите на дисциплинската комисија се избираат од Ректорската управа.

***Студентски правобранител***

член 103

Заради заштита на правата на студентите од редот на редовните студенти на Универзитетот се избира студентски правобранител.

Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот на Универзитетот, на предлог на Универзитетското студентско собрание на претходно објавен конкурс.

Мандатот на студентскиот правобранител е 2 години, без можност за
реизбор.

Надлежностите, постапката за избор, разрешувањето како и други значајни прашања за студентскиот правобранител се уредуваат со посебен акт од Универзитетот.

***Организирање на студентите и учество на студентите во управувањето***

член 104

Студентите учествуваат во управувањето на Универзитетот преку претставниците кои ги избираат во:

1. Универзитетското студентско собрание и Факултетско студентско собрание;
2. Во органите на Универзитетот и на единиците во согласност со Закон;
3. Преку формите на самоорганизирање;
4. На друг начин според условите утврдени со Закон и со овој Статут.

***Универзитетско студентско собрание***

член 105

Универзитетско студентското собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат најмалку по двајца претставници од секој факултет со едногодишен мандат со право на реизбор.

Претседателот на Универзитетското Студентско собрание се избира од редовите на претставници на студентите во Собранието со мандат од една година и со право на реизбор.

За работата на Универзитетското Студентско собрание и на студентскиот правобранител Универзитетот обезбедува услови и простор за работа.

Универзитетското Студентско собрание има Статут кој се донесува со претходна согласност од Сенатот.

Со Статутот на Универзитетското Студентско собрание се уредуваат организацијата, надлежностите, правата и обврските, како и другите важни прашања за Универзитетско студентско собрание.

Универзитетското Студентското собрание работи во согласност со Законот за високото образование, овој Статут, Статутот на Универзитетското Студентско собрание и со правилниците на Универзитетот.

член 106

***Факултетско студентско собрание***

Факултетско студентското собрание е тело на факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското Студентско собрание има Статут кој го донесува со претходна согласност од Сенатот.

Изборот на членови на Факултетското студентско собрание се одржува секоја година во термин утврден со Статутот на Универзитетското студентско собрание.

Со Факултетското студентско собрание претседава Претседател, кој се избира на непосредни и тајни избори.

Факултетското Студентското собрание работи во согласност со Законот за високото образование, овој Статут, Статутот на Универзитетското студентско собрание, Статутот на Факултетското студентско собрание и со правилниците на Универзитетот.

***Поранешни студенти (алумни)***

член 107

Дипломираните студенти имаат право да основаат асоцијација на алумни.

Функцијата и организацијата на алумни се уредува со посебен акт на Универзитетот.

# IX. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ – ВИДОВИ И РЕЖИМ НА СТУДИИ

***Видови студии***

член 108

Високообразовната дејност на Универзитетот се остварува преку академски и стручни студии во согласност со законот, овој Статут и актите на Универзитетот.

***Студиски програми***

член 109

Студиите на Универзитетот се организираат според предложените студиски програми од наставно-научните совети на единиците усвоени од Сенатот по претходно мислење од Ректорската управа.

Универзитетот може да организира интердисциплинарни студиски програми, кои се реализираат од две и од повеќе единици на Универзитетот.

член 110

Студиските програми се изготвуваат во согласност со законски и подзаконски акти и според правилата за студирање базирани врз европскиот систем за пренос и акумулација на поени (ECTS – European Credit Transfer System and Accumulution System) и меѓународниот систем.

член 111

Универзитетот може со усвојување нови студиски програми да организира нови студии од прв, втор и трет циклус студии за нови профили на стручен кадар, под услови, начин и постапка утврдени со законски и со подзаконски акти.

член 112

Универзитетот ги објавува студиските програми на својата интернет-страница.

*Измена на студиски програми*

член 113

Студентите имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале во рок определен со актите на Универзитетот.
Доколку по истекот на рокот за завршување на студиите од став 1 на овој член настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма ако е поповолна за него, а во согласност со општ акт на единицата, односно Универзитетот.

Доколку по истекот на рокот студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска

*Носители на студиите*

член 114

Студиите се изведуваат на единиците и на Универзитетот.

Ако повеќе единици на Универзитетот изведуваат една студиска програма, една од нив, по правило онаа која има доминантно учество во реализацијата, со одлука на Сенатот е носител на студиите - координатор.

Единиците од претходниот став се одговорни за реализацијата на студиските програми од претходниот став.

Универзитетот може врз основа на договор за соработка, со претходно одобрение на Сенатот да организира и изведува студии заедно со друга високообразовна или научна установа од земјата и странство.

*Прв циклус на студии*

член 115

Првиот циклус на студии се остварува врз основа на студиските и предметните програми изработени според правилата на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)

Студиите од прв циклус се организираат како редовни и вонредни студии.

Универзитетот може да организира и студии на далечина (distance learning), во рамките на својата акредитација.

Првиот циклус на студии се остварува во согласност со законот, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

Во рамките на првиот циклус Универзитетот може да организира и стручни студии од 60, 120 и 180 ЕКТС кредити, во согласност со закон.

Првиот циклус на студии завршува со полагање на сите испити и/или изработка на дипломски труд во зависност од студиската програма.

*Втор циклус на студии*

член 116

Универзитетот може да организира втор циклус стручни (специјалистички) и магистерски студии.

Вториот циклус на студии завршува со полагање на сите испити и изработка и одбрана на завршен труд во согласност со студиската програма.

Завршниот труд е стручен/специјалистички или магистерски труд што се утврдува со тековната студиска програма.

Вториот циклус на студии се остварува во согласност со законот, овој Статут и општите и поединечни акти на Универзитетот.

*Трет циклус на студии*

член 117

Третиот циклус на студии (докторски студии) се остварува во согласност со законот, овој Статут и општите и поединечни акти на Универзитетот.

Третиот циклус студии завршува со успешно комплетирање на сите компоненти предвидени во докторската програма, вклучително и изработка и одбрана на завршен труд во согласност со студиската програма. Завршниот труд е докторски труд што се утврдува со тековната студиска програма.

***Достапност на високото образование на Универзитетот***

член 118

Универзитетот обезбедува пристап до сите студиски програми под еднакви услови и селекција на кандидатите за упис, врз принципот на рамноправност на сите кандидати, без оглед на расата, бојата на кожа, полот, јазикот, верата, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Во рамките на своите можности, Универзитетот ќе обезбеди соодветна инфраструктурна, техничка и процедурална поддршка.

***Јазик на наставата***

член 119

Наставата на единиците на Универзитетот се изведува на македонски јазик.

Наставата на Универзитетот може да се изведува и на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република С.Македонија или на некој од светските јазици.

***Права на странските државјани***

член 120

Странските државјани можат да се запишуваат на студии на Универзитетот под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија и плаќаат школарина во висина утврдена од страна на универзитетот.

*Вреднување на странско образование*

член 121

Право за запишување на трите циклуси на универзитетски студии имаат и лица што завршиле соодветно претходно образование во странство.

Условите за упис, оцената за исполнување на условите за запишување, односно подобноста на стекнатото претходно образование во странство за продолжување на образованието се уредува со општ акт што го донесува Универзитетскиот сенат.

***Програми за стручно и професионално усовршување***

член 122

На Универзитот може да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот за доживотно учење. Таквите програми се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и не се сметаат за студии во смисла на овој Статут и законот.

По завршување на програмите за стручно, односно професионално усовршување се стекнува потврда, односно сертификат кој го издава Универзитетот.

Учесниците во формите за стручно, односно професионално усовршување немаат статус на студенти.

Формите за стручно, односно професионално усовршување и другите услови за нивното организирање, како и правата и обврските на лицата кои ги посетувале се уредуваат со општ акт на Универзитетот и единиците.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување на Универзитетот и неговите единици можат да се организираат и различни облици на неформално учење како курсеви, летни и зимски универзитети, школи, работилници и слично, ако тоа не влијае на изведувањето на студиските програми за стекнување на високо образование.

***Посебни можности за студирање***

член 123

Студент што има статус на врвен спортист или уметник може да студира според планот на студиите на вонредна студиска програма, под услови предвидени со општ акт на Универзитетот и на единицата.

На исклучително успешен студент може да му се одобри завршување на студиите во време поинтензивно од предвиденото траење на студиите, во согласност со општиот акт на Универзитетот.

***Доживотно учење***

член 124

Универзитетот организира програми на доживотно учење, користејќи пред се иновативни методи и инструменти за подучување и учење (користење на нови технологии, далечинско учење и сл.) и користејќи го просторот и опремата на Универзитетот кои се на располагање во време на дневната и седмичната настава.

член 125

Доживотното учење ги има следниве цели:

- стекнување формална универзитетска диплома;
- добивање потврда за успешно завршување на специфични програми за обука (почетни и континуирани), или
- надополнување или освежување на компетенциите од одредена област, наменето за поранешни студенти.

Програмите за доживотно учење кои имаат за цел стекнување на формална универзитетска диплома не можат да бидат алтернатива на соодветните редовни универзитетски програми, со оглед на тоа што овие програми се наменети првенствено за повозрасни потенцијални студнети, согласно закон.

Системот на оценување на програмите за доживотно учење исто така се базираат на ЕКТС кредити/поени и резултати од учењето.

Претходното учење, формално и неформално, се признава од страна на Универзитетот и на овие студенти им се доделуваат соодветен број на ЕКТС кредити, кои ќе им послужат или како основа за упис на универзитетска програма (редовна или доживотна), или како елемент во рамките на овие програми.

Детални инструкции, критериуми, стандарди и процедури за програмите за доживотно учење се уредуваат со акт на Сенатот.

***Далечинско учење***

член 126

Студиите можат да се организираат и преку системот за далечинско учење.

Предлогот на планот на студиите по далечински пат го поднесува единицата која е носител на студиската програма, а го потврдува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.

***Пренос на кредити***

член 127

Кредитите може да се пренесат од студиската програма во друга програма во рамките на единицата или Универзитетот, како и на други универзитети во земјава и странство.

Критериумите и условите за пренос на кредити подетално се регулирани со Правилник

***Услови и начин на запишување на студии***

член 128

Условите, начинот на запишување на студиските програми, времетраењето на студиите, бројот на слободни места за запишување, постапката и роковите за пријавување и запишување, како и висината на школарината, се утврдуваат во конкурсот за запишување на студенти на Универзитетот во согласност со законот.

Конкурсот го усвојува Ректорската управа и го објавува јавно, на интернет-страницата на Универзитетот и на друг соодветен начин.

***Почеток и завршување на студиска година***

член 129

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси.

Почетокот и времетраењето на наставата по семестри се определува со посебен акт на Универзитетот.

***Паралелно студирање***

член 130

Студент може да студира на повеќе студиски програми (паралелно студирање), по интердисциплинарни или индивидуални студиски програми на една или повеќе високообразовни установи.

Начинот и условите за студирање од ставот 1 на овој член, поблиску се уредуваат со посебен акт на Универзитетот.

***Премин од едни на други студии***

член 131

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма и правилникот на единицата која ја изведува програмата и притоа да ги користи погодностите на кредит трансфер системот.

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма, под услови утврдени со студиската програма, односно со актот на универзитетот, односно самостојната високообразовна установа на која студентот преминува.

Студент кој бил запишан на високооброзовна установа која престанала со работа има право да ги продолжи студиите на Универзитетот на иста или сродна студиска програма, под условите утврдени со закон и со посебен акт на Универзитетот..

***Проверка на знаењето***

член 132

Проверката на знаењето на студентот, по наставни предмети, се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени и букви.

Оценувањето на прв и втор циклус се изразува во проценти и оценки во вид на букви од азбуката на латиница, и тоа: A, B, C, D, F.

Начинот на оценување подетално се уредува со посебни акти на Универзитетот.

***Евиденција***

член 133

Евиденцијата со лични податоци на студентите се води во согласност со Законот за високо образование, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

На Универзитетот евиденција се води преку: матична книга на запишани студенти на прв циклус студии, матична книга на запишани студенти на втор циклус студии, матична книга на запишани студенти на трет циклус, главна книга на дипломирани студенти, главна книга на магистрирани студенти, главна книга на докторирани студенти, во регистерската канцеларија и лично досие на секој студент, на начин, форма и содржина во согласност со законските, подзаконските и општите акти на Универзитетот.

Евиденцијата се води во материјална и во електронска форма.

Универзитетот ги издава обрасците потребни за водење на евиденцијата и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата.

Матичната книга на запишаните студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

Начинот на водење на евиденцијата, како и чувањето и пристапот до книгите и до досиејата на студентите, се уредуваат со општите акти на Универзитетот.

Универзитетот издава јавни исправи на начин и под услови определи со законот, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

***Издавање и одземање на уверение, диплома и додаток на диплома***

член 134

На студентот што ги извршил сите обврски во согласност со тековната студиска програма за прв, втор или трет циклус на студии и кој ги исполнува условите во согласност со актите на Универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него, му се издаваат уверение, додаток на диплома и диплома.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

член 135

На студентот што завршил прв, втор или трет циклус студии може да му се одземе издадената диплома ако се утврди дека:

- не ги исполнува условите за добивање статус на студент,
- се стекнал со соодветно звање спротивно на условите за стекнување научно, односно стручно звање утврдени со законот, одредбите на овој Статут, општите и поединечни акти на Универзитетот или
- сторил кривично дело поврзано со стекнување на дипломата.

Условите и постапката за одземање на дипломата се уредуваат со посебен акт на Универзитетот.

***Промоција за завршени студии***

член 136

Промоцијата на лицата што завршиле прв, втор или трет циклус студии на Универзитетот ја врши ректорот заедно со проректорите и деканите на факултетите.

Во отсуство на ректор, промоцијата од став 1 ја води проректор назначен од страна на ректорот.

## X. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

Член 137

Вработените во Универзитетот се: лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност (наставен кадар) и лица вработени во стручната и административната служба (ненаставен кадар).

Странски државјани може да вршат образовна дејност на Универзитетот во услови предвидени со закон.

Правата и обврските на ненаставниот кадар се уредуваат со закон.

член 138

Високообразовна дејност во Универзитетот може да изведува само лице избрано во наставно-научно, стручно или соработничко звање за времето за кое е избрано.

Критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, соработнички и насловни звања, распишувањето конкурс, предвремен избор во повисоко звање, правата на лицата кои не се избрани, предвремен престанок на изборот, се утврдуваат со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот

***Видови звања***

член 139

Наставно-научни звања се;

1. доцент – во меѓународниот промет како Assistant professor, со кратенка Ass. Prof. Dr.sc,
2. вонреден професор – во меѓународниот промет Associate professor, со кратенка Assoc. Prof. Dr. Sc
3. редовен професор – во меѓународниот промет Professor, со кратенка Prof. Dr.sc.

На единиците каде што се изведува настава за јазици, наставно-стручните звања се лектор и виш лектор.

член 140

На факултетот соработничко звање е асистент.

Асистентите се избираат во звање во област утврдена со Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација).

Асистентите учествуваат во наставно-образовниот процес на единицата во реализација на вежбите. По исклучок, асистентите можат да изведуваат настава под менторство на лица избрани во наставно-научно звање, наставно-стручно, наставно и научно звање.

Условите, процедурата како и други прашања поврзани со изборот на асистентите се уредуваат со правилник.

***Демонстратори***

член 141

На факултетот, во првиот циклус на студии, можат да се избираат демонстратори.

Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.

Условите, процедурата како и други прашања поврзани со изборот на демонстраторите се уредуваат со правилник.

член 142

Изборот во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање се врши врз основа на критериумите и општите услови предвидени со Закон и врз основа на посебните

услови предвидени со Правилникот на Универзитетот за постапката за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звања.

***Засновање на работен однос***

член 143

Со извршениот избор во наставно-научно, научно, односно соработничко звање избраното лице засновува работен однос за времето за кое е избрано.

Високообразовната установа е должна да го реализира конкурсот во рок од шест месеци од денот на распишување на конкурсот, не сметајќи го периодот од 25 јули до 15 август во календарската година.

Договорот за вработување го потпишува ректорот.

Универзитетот води евиденција на лицата избрани во звања, а документацијата, согласно со Законот за работните односи, се чува на соодветната единица.

***Право на вршење дејност на друга високообразовна институција***

член 144

Лице од една единица во состав на Универзитетот може да врши високообразовна дејност во друга, односно секоја единица на Универзитетот во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно – научна, наставно-стручна или научна област.

Лице од Универзитетот може да врши високообразовна дејност на друга единица на друг Универзитет, односно самостојна високостручна школа, во звањето во кое е избрано, на иста или средна наставно- научна дејност, врз основа на предлог на наставно научниот совет, односно наставно научниот совет на единицата. За тоа согласност дава Сенатот.

Сенатот при одлучување за давање на согласност од став 2 на овој член поаѓа од тоа дали со другиот Универзитет е склучен договор за соработка, дали ангажирањето на наставникот ќе го наруши нормалното одржување на наставата на матичниот Универзитет и дали севкупното ангажирање на наставникот е во рамките на законот.

.

***Визитинг-професори***

член 145

По покана од наставно-научниот совет на факултетот, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници од земјава и од странство, можат како гости, без распишување конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачкадејност, за определено време.

Конкретните услови под кои се врши дејноста на визитинг-наставниците се утврдува со договор склучен помеѓу Универзитетот и визитинг- наставниците

***Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници***

член 146

Афирмирани научниции и стручњаци од практикатапо покана од наставно-научниот совет можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет.

Обемот и условите на ангажирањето се утврдува со договор склучен помеѓу Универзитетот и афирмираните научници односно стручњаци од практиката.

***Насловни звања***

член 147

За избор во наставно научно звање одлучува наставно- научен совет, доколку на единицата се утврди потреба за ангажирање лице во наставно образовниот процес, а за кое нема слободно место.

Афирмирани научници, стручњаци од практиката, уметници надвор од универзитетот, можат да изведуваат високообразовна дејност во обем од најмногу 30% од редовните обврски на соодветното редовно звање.

Овие лица не можат да вршат оценување на студентите..

Поблиски одредби за видот и обемот на учеството во вршењето на високообразовната дејност на лицата избрани во насловни звања, утврдува наставно – научниот совет.

***Почесен професор и почесен доктор на науки***

член 148

На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и во странство, кој дал особен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на единицата, Универзитетот може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa).

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и од странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонеле за развојот на високото образование, на предлог на единицата, Универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

Одлуката за доделување на звањето почесен професор и почесен доктор на науки ја донесува Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорската управа.

Доделувањето на признанието звање почесен професор и почесен доктор го врши ректорот на Универзитетот.

***Професор емеритус***

член 149

Универзитетот може, на предлог на наставно-научниот совет на одредена единица, да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето наставно-научен и соработнички подмладок во областа во која е избран.

Вкупниот број професори емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број наставници на Универзитетот.

Професор емеритус може да учествува во изведувањето настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

Одлуката за доделување на звањето професор емеритус ја донесува Универзитетскиот сенат, на предлог на Ректорската управа.

Доделувањето на признанието звање професор емеритус го врши ректорот на Универзитетот.

***Платено и неплатено отсуство (сабатна година)***

член 150

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, на секои пет години, високообразовната установа може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој во соодветна институција, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат.

Условите, начинот и постапката за користење на можноста и правото од став 1 на овој член поблиску се уредуваат со интерен акт на Универзитетот.

***Престанок на работен однос***

член 151

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање работниот однос му престанува доколку не биде избрано во исто или повисоко звање.

На лице од став 1 на овој член работниот однос може да му престане: 39

- спогодбено, или
- во согласност со условите од договорот за работа и со законските услови.

На лицето од став 1 на овој член работниот однос може да му биде предвреме прекинат доколку:

- неговата евалуација не ги задоволува пропишаните критериуми;
- грубо ги прекрши правилата од работниот однос;
- грубо го прекрши Етичкиот кодекс или/и
- доколку од друга причина се оцени дека лицето не е во состојба да ја изведува наставата на задоволителен начин.

## XI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

член 152

Универзитетот спроведува меѓународна соработка која вклучува: учество во проекти, соработка со универзитети, национални и други академии, бизнис-заедница, институти и јавни и приватни центри и со други субјекти за унапредување на високообразовната, научноистражувачката и применетата дејност, размена на научни и стручни публикации, учество на научни собири, симпозиуми, конференции, организирање меѓународни студиски програми, организирање летни / зимски школи, организирање студии надвор од Република Северна Македонија, мобилност на студенти и наставници, учество во меѓународни програми, асоцијации итн.

Институционалната поддршка за меѓународна соработка е обезбедена преку формирање канцеларии, центри и други форми на организација на Универзитетот.

## XII. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

член 153

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку годишни и долгорочни издавачки планови, што на предлог на Ректорската управа ги донесува Сенатот.

Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила на Универзитетот и друга прирачна литература, како и преку издавање на соодветни обрасци за потребите на Универзитетот.

член 154

Публикациите од претходниот член задолжително се рецензираат. Рецензиите од претходниот став на овој член задолжително се објавуваат во Билтенот на Универзитетот.

член 155

Единствените основи на издавачката дејност на Универзитетот и на единиците поблиску се утврдуваат со правилник што го донесува Сенатот.

## XIII. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Самоевалуација***

член 156

За процена на квалитетот, на академскиот кадар, научно-истражувачката дејност и студиските програми на Универзитетот, се спроведува систем на самоевалуација.

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години. Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите.

Самоевалуацијата на универзитетот и единиците се врши според упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на Универзитетот, кое го донесува Сенатот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација што го донесува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и прифатените постапки и стандарди, водичот(насоките)за обезбедување на квалитет усвоени од европските институции.

член 157

Самоевалуација на Универзитетот и единиците се врши од комисијата за самоевалуација во интервали од три години.

член 158

Членовите на комисијата се избираат од Сенатот на Универзитетот, со мандат од четири години, односно една година за претставниците на студентите.

Условите, организацијата и постапката за самоевалуација подетално се регулирани според европските стандарди ESG и според правилник на Универзитетот.

***ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛА***

член 159

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, за непочитување на Етичкиот кодекс или за однесување спротивно на нормите на член на академската заедница, за користење опијати и алкохол со кои се нарушува академската средина, на академскиот и на административниот кадар, како и на студентот, може да се изрече дисциплинска мерка, вклучително, но без ограничување на опомена, јавна опомена и исклучување, согласно Правилникот за дисциплинска одговорност.

член 160

Дисциплинските мерки ги изрекува комисија за дисциплински мерки на единицата на универзитетот.

Составот на дисциплинската комисија, начинот и постапката на утврдување на дисциплинска одговорност, мерките и условите под кои дисциплинската мерка се изрекува и правото на заштита на студентот се утврдуваат со Правилник за дисциплинска одговорност.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 161

Согласност за измени на овој Статут дава основачот на Универзитетот.

член 162

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Сенатот на Универзитетот.

член 163

Донесувањето на актите утврдени со овој Статут ќе се изврши во рок од шест месеци од добивањето на позитивно мислење на Статутот од Владата на Република С. Македонија.

член 164

Студентите запишани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да студираат според правилата што важеле во моментот на запишувањето.

Јавните исправи кои ги издава Универзитетот на запишаните студенти согласно Законот за високото образование ќе бидат променети со новиот назив на Универзитетот почнувајќи од 01.01.2024 година.

член 165

Овој Статут влегува во сила по објавувањето во јавното гласило на Универзитетот, а ќе се објави по добивање на согласност од основачот, по претходно мислење од Владата на Република Северна Македонија.

Претседател на Сенат
проф. д-р Дејан Наковски